

# Владимир Георгиевски

ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА МУЗЕЈОТ НА
СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ

8. IV. — 20. IV. '77



## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Владимир Георгиевски е роден на 1. VI. 1942 во Скопје. На Академијата на Ликовна уметност во Белград се запишува 1963 и истата ја завршува 1968 година. Постдипломските студии на истата Академија ги завршува 1970 во класата кај професорот Младен Србиновиќ.

Студиски патувања: Англија, Франција, Шпанија, СССР.
Групни изложби: На изложбите на УЛУС од 1967—68, IX-от Октомвриски салон во Белград 1968, „Генерација" 69 во Белград 1969 „Современа македонска уметност — млада генерација" НОБ во делата на Ликовните уметници — Белград 1969.

Струмичка ликовна колонија 1971, Ликовна колонија во Ивањица 1972, Делата на VIII струмичка колонија — Скопје, 1972. Современи Македонски уметници — млада генерација II. — Скопје

12 Современи уметници Нови Сад 1974

Извел мозаик во Стопанска Банка Скопје

адреса:
Дом на Младите „25 Мај" — Скопје

. . . Зар никогаш да не сезнаам кој сум . . .
Едип

## РАЗГОВОР СО ЖИВОПИСЕЦОТ

**Прашање:** Кој си ти? Од каде доаѓаш?

**Одговор:** Јас сум И ДЕН И НОЌ, ПРОСТОРОТ И ВРЕМЕТО Е МОЈОТ ДОМ.

**Прашање:** Од што си создаден? И што носиш на челото?

**Одговор:** Од крв и месо, Од боја и СВЕТЛИНА . . . На чело носам КОРЕЊА . . . ГОДИНИ.

**Прашање:** Која е твојата слика?

**Одговор:** Сончевината што секојдневно се пали и гаси над водите ШТО ПРОТЕЧУВААТ

**Пршаање:** Како се викаш?

**Одговор:** ЧОВЕК И СЛИКА, или СЛИКА И ЧОВЕК . . . Незнам.

**Прашање:** Кога ќе бидеш сигурен во сопственото име?

**Одговор:** Кога ќе го нацртам сопственото детство!

**Прашање:** Каде почнува сликата?

**Одговор:** Во животот, тука крај нас И ВО НАС.

**Прашање:** Каков е нејзиниот јазик?

**Одговор:** Незнам со зборови да го објаснам, можам да го нацртам.

**Прашање:** Значи ли тоа, дека е цртежот и АЗБУКА?

**Одговор:** Да, значи!

**Прашање:** А РАСПОРЕДОТ, оној според кого си и ти создаден, тој битисува ли во тебе?

**Одговор:** Да, штом сум создаден да го градам во сите времиња и простори.

**Прашање:** Со што го чиниш тоа?

**Одговор:** Со алат за гледање и со ОТСТОЈАНИЕ . . .

**Прашање:** ВИДЛИВОСТА, кога таа се чувствува?

**Одговор:** Ништо не е видливо во бесознанието ако се изгуби СОПСТВЕНАТА ТРАГА . . .

**Прашање:** А таа, ТРАГАТА КАДЕ ВОДИ?

**Одговор:** Во мене, низ мене, во тебе, во него . . .

**Прашање:** Кој си Ти? И кога ке дојдеш со мене?

**Одговор:** ЈАС СУМ И ДЕН И НОЌ, ТВОЕТО РАЃАЊЕ Е МОЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ . . .

**Прашање:** Тоа ли е СЛИКАТА ТВОЈА?

**Одгвоор:** Незнам можеби; но што се однесува до твојата слика тоа си Ти!

**Прашање:** Сега ќе заминеш ли?

**Одговор:** Да?

**Прашање:** Кога пак ке те видам?

**Одговор:** Во твоите ИДНИ УМИРАЊА И РАЃАЊА, СЕКОГАШ . . . Догледање.

Скопје, март 1977 год.

К А Т А Л О Г:

## С Л И К И

| | |
|---|---|
| 1. „И сè е само молчење“ | Масло на платно, 1969 |
| 4. „Ода на светлината“ | Масло на платно, триптих 1971 |
| 5. Свети Ѓорѓија и Ламјата“ | Масло на платно, 1972 |
| 6. „Искушението на живописецот“ | Масло на платно, 1972 |
| 7. „Болен Дојчин“ | Масло на платно, 1976 |
| 8. „Старци и дете“ | Масло на платно, 1976 |
| 9. „Семејство“ | Масло на платно, 1975 |
| 10. „Крали Марко“ | Масло на платно, 1975 |
| 11. „Цар Едип“ | Масло на платно, 1976 |
| 12. „Посета“ | Масло на платно, 1976/77 |
| 13. „Бела мртва природа“ | Масло на платно, 1976 |
| 14. „Враќање на блудниот син“ | Масло на платно, 1975 |
| 15. „Летот“ | Масло на платно, 1977 |
| 16. „Јули, 5 и 17“ | Масло на платно, 1974 |
| 18. „Птици“ | Масло на платно, 1975 |
| 20. „Распетие“ | Масло на платно, 1975 |
| 21. „Јама“ | Масло на лпатно, 1975 |
| 22. „Децата на рајот“ | Масло на платно, 1977 |
| 23. „Свадба“ | Масло на платно, 1977 |
| 24. „Крај одрот“ | Масло на платно, 1977 |

## КАРТОНИ

| | |
|---|---|
| 1. „Враќање на блудниот син“ | Картон за слика |
| 2. „Болен Дојчин“ | Картон за слика |
| 3. „Распетие“ | Картон за слика |
| 4. „Играчи на Фламенго“ | Картон за слика |
| 5. „Птици“ | Картон за слика |
| 6. „Демонот на Љермонтов“ | Картон за слика |
| 7. „Крали Марко“ | Картон за слика |
| 10. „Болен Дојчин“ | Цртеж за слика |
| 11. „Болен Дојчин“ | Цртеж за слика |
| 12. „Одмор“ | Картон за слика |
| 13. „Фауст I“ | Картон за слика |
| 14. „Фауст II“ | Картон за слика |
| 16. „Леб и Сонце“ | Картон за слика |
| 17. „Пророк“ | Картон за слика |
| 18. „Чајковски“ | Цртеж |
| 19. „Чајковски“ | Цртеж |
| 20. „Стара икона со клуч“ | Картон за слика |
| 22. „Јад“ | Цртеж |



Бр. 24 кат. број



Бр. 24 (детал)



Бр. 11



Бр. 11
(детал)



Бр. 22 (детал)



Бр. 22 (детал)

# ВО ТЕМЕН ЗАСЕК НА ДНОТО НА ЛИНИЈАТА — ЛАМБА

(Над сликите од Владимир Георгиевски)

Линијата, говорот на бојата, и тешкото крило
на птицата што се дига од небо. Гробот е презреана
рана. Телото треба да се спушти.
Модро. Толку е потежок плодот на Успението,
колку што е почисто Вознесението на болеста.
Како далечните води пред воздишката на веслото,
пригушено почнува да пее светлината.
Во темен засек на дното од линијата — Ламба.
Потрупан од големите ридови на мракот,
Ангелот и крева нежно пламенче во фитилот.

Бојата расне. Линијата е опасна, и нас
високите литици на крвта не дигаат до точка
од каде да го гледаме сопственото море,
та страв и спокојство не обзема истовремено,
како во денот кога чекавме да се отвори небото
и покаже, фрлено над потоците, Дрвото на рајот
под кое листи чедно бакнежот на маж и жена.
(Градините сега цветаат во подножјето на шумите,
и ѕверките што заспале под кората на плодот
не рикаат над модрите бунари од раната,
чувајки го, прозрачен, во крвта скокот
што ќе ги исфрли над мрачната стапка на ловот).

Да. Светците нешто знаат што слегнале на платното:
некој ја предал светлината, некој го потскажал
Рајот. Во дното на срцето тешкиот камен на ноќта,
а некаде зад него како извор пука ведрата линија
на синото. Тоа можеби свири флејта на етерот.
каде се растворило сребреното око на ангелот.
Детето се игра покрај зелената линија на моривата
и ти си навидум смирен, додека погледот ти е смрачен
талас испружен под високи стебла.
И знаеш, Големите сенки не може да ги осветли
ништо, освен чистата мисла на Дрвото.
(Златна линија. Ламба. Коцка набиена со сонце,
како квантна клетка на светлината
заноќена во коренот од темната ружа на времето).

ЕФТИМ КЛЕТНИКОВ



ИЗЛОЖБАТА Е ОРГАНИЗИРАНА
ВО СОРАБОТКА СО ДОМОТ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ“ — СКОПЈЕ

Фотографии: СЛОБОДАН УНКОВСКИ

